РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 11-4444/50
02.12 2022 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 18 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20), Јавниот повик за членство во Локално Собрание на млади на Општина Велес (арх. бр. 11-4444/24, од 11.11.2022 година), Решението за формирање на Локално собрание на млади на Општина Велес (арх. бр. 08-4444/46, од 29.11.2022 година) и заклучокот од Записникот од одржаната конститутивна седница на Локално собрание за млади на Општина Велес (арх. бр. 11-4444/49, од 02.12.2022 година), како и врз основа на Одлуката за распишување на Јавен повик за избор на членови на Локален младински совет на Општина Велес (арх. бр. 11-4444/48, од 02.12.2022 година), донесена од страна на Локалното собрание на млади на Општина Велес, а во врска со членовите 44-д и 44-ѓ од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), Локалното собрание за млади на Општина Велес, распишува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за избор на членови на Локален младински совет на Општина Велес**

Локалното собрание на млади на Општина Велес распишува Јавен повик за избор на членови на Локален младински совет на Општина Велес.

Овој Јавен повик е отворен за сите младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други форми на младинско организирање и здружување, кои не мора да бидат регистрирани во Општина Велес, а кои ги исполнуваат следните **критериуми**:

- Да имаат активности на територијата на Општина Велес;
- Да се основани и активни најмалку една (1) година пред отворањето на овој Повик;
- Предложениот/та кандидат/ка за член/ка во Локалниот младински совет на Општина Велес да е жител/ка на Општина Велес и да е на возраст од 15 до 29 години.

Јавниот повик се објавува на интернет страницата на Општина Велес.

Кандидатите за членови во Локалниот младински совет имаат право на куса презентација на својата програма пред членовите на Собранието, по што следува постапката на гласање. Собранието на млади избира членови на Локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од Локалното собрание на млади. За избрани членови на Локалниот младински совет се сметаат оние кандидати кои освоиле најмогу гласови од страна на присутните делегати.

Членовите на Локалниот младински совет се верификуваат од страна на Советот на Општина Велес, по добиена Одлука за избор на членови на Локален младински совет од страна на Собранието на млади на Општина Велес.

Од избраните членови на Локалниот младински совет се избираат претседател и заменик-претседател. Членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес се бираат со мандат од две (2) години, со право на уште еден (1) избор.

**Во Локалниот младински совет може да членуваат претставници на:**

- Младински организации;
- Организации за млади;

- Политички подмладоци;
- Ученички организации;
- Студентски организации;
- Други форми на младинско здружување и организирање кои работат и функционираат на територијата на Општина Велес.

**Задолжителни документи :**

- Портфолио на организацијата / групата / формата на здружување;
- Годишна Програма за работа на организацијата / групата / формата на здружување;
- Извештај за активностите со млади во изминатата година на организацијата / групата / формата на здружување;
- Кратко мотивациско писмо и кратка биографија од кандидатот за член во Локалниот младински совет (жител/ка на возраст од 15 до 29 години).
- Пријава за номинација за член во Локален младински совет и котакт информации;

Доколку формата на здружување и организирање на млади номинира кандидат за член на Локалниот младински совет на Општина Велес кој е веќе член на Локалното собрание на млади на Општина Велес, во прилог на апликацијата не мора да поднесе Портофолио на организацијата, Годишна програма, Извештај за активностите на организацијата, мотивационо писмо, Извештај со наведени активности, мотивационо писмо на кандидатот, како и биографија.

Но, потребно е да поднесе Пријава за номинација за член во Локален младински совет и котакт информации.

**Начин на пријавување:** Сите заинтересирани организации / здруженија / други форми на младинско организирање и здружување кои ги исполнуваат критериумите потребно е да ги достават Пријавите за номинација со горенаведените документи во еден (1) оригинален примерок, потпишан и заверен со печат и штембил од одговорното лице, во затворено плико, адресирани до Општина Велес, ул. „Панко Брашнаров" бр. 1, 1400 Велес, во архивата на Општина Велес, секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот со назнака: *„До Општина Велес, За Јавниот повик за избор на членови на Локален младински совет на Општина Велес".*

Пријавите ќе бидат разгледувани од страна на трочлена Комисија за верификација и следење на процесот на формирање на Локален младински совет на Општина Велес.

Сите информации во врска со Повикот, како и за целиот процес на формирање на Локален младински совет, може да ги најдете на интернет страницата на Општина Велес (www.veles.gov.mk) во делот *„МЛАДИ"* (https://veles.gov.mk/mladi-2022/).

**Рокот на пријавување** е десет (10) дена почнувајќи од петок, 2 декември 2022 година, вклучително со понеделник, 12 декември 2022 година, сметајќи од денот на објавување на овој Повик.

Локално собрание на млади
на Општина Велес

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС